# STRATEGIC SIGNIFICANCE OF COUNTRIES PART OF THE FORMER SOVIET BLOCK

**Maja Mishkovska**
Agency for Foreign Investment and Promotion of Export of North Macedonia, kristiico@yahoo.com

**Abstract:** The war in Ukraine, which is characterized by Russia as an existential battle against the West, which in turn wants to weaken, destroy and defeat Russia, and indirectly economically undermine China, is treated as the first European war after the Second World War, after the Cuban Missile A 1962 crisis aimed at toppling the communist government of Fidel Castro, the war in Ukraine has left tens of thousands of soldiers dead on both sides and sparked the biggest confrontation between Moscow and Washington. Otherwise, all other wars from the 1990s onwards that took place on the territory of the former Yugoslav republics are considered local wars. The war in Ukraine seems likely to have even greater implications in Europe, especially in Eastern European countries that were part of the Warsaw Pact. Automatically, after the collapse of the Soviet Union, they gained independence, which led to the creation of new states in the European space. The chainsaw situation of the creation of new states also happened with the disintegration of the former Yugoslav state into six independent states. A large part of these countries joined the Euro-Atlantic processes in stages from 2004 onwards, with a large part of them becoming members of the NATO pact. Meanwhile, the war in Ukraine is gaining momentum by the day and there are fears that it could escalate further into the neighborhood, especially since Putin has changed the strategy and objectives of the "special operation" in Ukraine and called for the use of tactical nuclear weapons in the attempt to oppose NATO. In this paper, we will address the military, political and security significance of Moldavia, Georgia, Bulgaria, Romania, the Visegrad Group and the connection with current events in Ukraine.
**Keywords:** security, influence, independence, war

# СТРАТЕГИСКО ЗНАЧЕЊЕ НА ЗЕМЈИТЕ ДЕЛ ОД БИВШИОТ СОВЕТСКИ БЛОК

**Маја Мишковска**
Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Северна Македонија, kristiico@yahoo.com

**Резиме:** Војната во Украина која од страна на Русија е окарактеризирана како егистенцијална битка против Западот, кој пак сака да ја ослаби, уништи и победи Русија, и индиректно економски да ја поткопа Кина, се третира како прва европска војна по Втората светска војна, По кубанската ракетна криза од 1962 година, која имаше за цел да ја собори комунистичката влада на Фидел Кастро, војната во Украина остави десетици илјади војници мртви од двете страни и ја предизвика најголемата конфронтација меѓу Москва и Вашингтон. Инаку, сите останати војни од 1990-те па наваму кои се одвиваа на просторите бившите југословенски републики се сметаат за локални војни. Војната во Украина се чини може да има уште поголеми импликации во Европа, особено во источноевропските земји кои беа дел од Варшавскиот пакт. По автоматизам, истите, по распаѓањето на Советскиот сојуз стекнаа независност што доведе до создавање на нови држави на европските простори. Ланчано ситуацијата на создавање на нови држави се случи и со распаѓањето на бившата југословенска држава во шест независни држави. Голем дел од овие држави веќе од 2004 година па наваму етапно се приклучија на евро-атланските процеси при што голем дел од нив станаа членки на НАТО пактот. Во меѓувреме, војната во Украина од ден на ден зема се поголем замав и постои стравување дека може да ескалира и пошироко во соседството, дотолку повеќе што Путин ги промени стратегијата и целите во „специјалната операција“ во Украина и повика на употреба тактичко нуклеарно оружје во обидот да се спротивстави на НАТО. Во овој труд ќе се осврнеме на воено политичкото и безбедносното значење на Молдаија, Грузија, Бугарија, Романија, Вишеградската група и поврзаноста со актуелните настани во Украина.
**Клучни зборови:** безбедност, влијание, независност, војна

## 1. АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА НА РУСКОТО ВЛИЈАНИЕ ВО ДРЖАВИТЕ ОД ЦРНОМОРСКИОТ РЕГИОН

Русија во своите стратешки определби го стави приматот на црномоскиот регион поради одржување на регионот во руската евроазиска сфера на интерес и влијание со цел да ја одржи моќата на супер сила во натпреварот со Вашинтон, Лондон и Брисел. Кремаљ дејствува во земјите од бившиот Советскиот сојуз - Украина, Грузија и Молдавија, Бугарија, Романија со кои кои имаше и има блиски безбедносни, политички, економски, културни и историски врски и кои меѓусебно се поврзани преку концептот на „руски народи“. Црното море за Москва претставува моќна порта кон Западен Балкан, Медитеран, Африка и Блискиот исток преку која го задржува статусот на светска сила покрај САД и Кина.

Во воено-стратешкиот фокус на руската воена модернизација преку Државната програма за вооружување 2011- 2020 беше Црноморската флота и Јужниот воен округ што придонесе за поинтензивно мешање на Москва во војната во Украина и регионот пошроко.

Без оглед на конечниот успех или неуспех на Русија во тековната војна, нејзините стратешки цели во регионот на Црното Море ќе останат. Руската војска можеби ќе биде ослабена во регионот, а можеби нема, бидејќи Русија води се поактивна и посилна надворешна и безбедносна политика, што само по себе подразбира продолжување на акциите против државите од регионот и против интересите на НАТО и САД. Моќната и остроумна Русија секогаш беше доживувана како закана за безбедноста на западно европските земји, а од 1990-те со рушењето на Берлинскиот зид и за источниот блок на земји.

На Самитот во Мадрид во јуни 2022 година беа направени значајни чекори при што беше обновен фокуст на регионот на Црното Море и проширувањето на силите за одговор на НАТО при што Русија беше согледана како главна закана.Од новиот стратегиски концепт на НАТО кој ќе важи до 2030 година, може да се разбере дека Русија и Западот можеби нема да се конфронтираат директно воено, но ќе бидат во специјална или хибридна војна во која ќе бидат вклучени трети земји, како што тоа се случува сега во Украина. Хибридното војување е теорија на воена стратегија, првпат дефинирана од Frank Hoffman, која користи политичко војување и ги вклучува и вмрежува конвенционалното војување, нередовното војување и сајбер војната со други методи на влијание, како што се лажни вести, дипломатија, законска политика и странска изборна интервенција. На хибридната војна на традиционалните војски им е проблематично соодветно да одговорат и возвратат, бидејќи е тешко да се детектира изворот на конфликтот.

## 2. РУСКОТО ВЛИЈАНИЕ ВО МОЛДАВИЈА

И покрај тоа што Молдавија стекна независност од Советскиот сојуз во 1991 година изборот на прозападен претседател Маја Санду и влада на чело со Наталија Гаврилита во Молдавија во 2020 и 2021 оваа источно европска земја остана во руската сфера на влијание, а вниманието на Москва е оштро вперено. Ветувањата на директорот на Безбедносната и разузнавачка служба на Молдавија дека ќе ја реформира тајната служба и дека ќе ја исчисти институцијата од продорот на руските тајни служби наидуваат на потешкотии бидејќи земјата перманентно ја тресат скандали со оддавање на државни тајни, извештаи од инстајдери кои исто така работат и на сузбивање на прозападната влада што е дополнителна потврда за се уште силните врски на СИС со Москва. Војната во Украина ја забрза итноста од реформирањето на безбдносно-разузнавачката служба на Молдавија од заканите на КГБ уште повеќе поради тоа што Кремљ константно користи слични тактики за повторно воспоставување на влијание и врз соседните земји кои исто така беа дел од Советскиот Сојуз

Од 1992 година, во Молдавија се стационирани околу 1.600 руски сили во отцепениот регион Придњестровје кој имаше тенденции да се отцепи и ги задржа блиските релации со Москва, а руската војска од тогаш е се уште присутна. За Советот на Европа Придњесровје е „област на замрзнат конфликт“. Претседателот на Придњестровје, Евгениј Шевчук ја повика Молдавија да ја признае независноста на овој проруски регион, кој се отцепи во 1990 година и кој Русија финансиски го помага да ја изврши анексијата. Русија официјално не ја призна независноста на Придњестровје, но сепак отвори руски конзулат.

Во октомври годинава Соединетите Држави спроведоа санкции за голем број руски и молдавски организации, бизнисмени и олигарси за кои се смета дека ги координирале политичките немири во Молдавија, а кои биле инстурирани и поддржани од Москва, додека пак и молдавската опозициска партија ги користела плановите на игра на руските разузнавачки служби.

Меѓународното признавање на Приднестровие е контроверзно особено што спорниот источно европски регион е во сендвич меѓу Молдавија и Украина. Загрижеността е уште поголема бидејќи и Приднестроје и Молдавија се директно западно од Украина и би можеле да бидат вовлечени во руската војна против Украина. Иако регионот Придњестровје прогласи независност во 1990 година, ниту една членка на Обединетите нации не го признава нејзиниот суверенитет кој од страна на ОН се смета како дел од

Молдавија. А, руското непризнавање на независноста на Придњестровје го еродира молдавскиот суверенитетот и ја позиционира Молдавија во замрзната зона меѓу Западот и Истокот, што на Русија и овозможи континуитет во присуството на овие простори.
Зошто е интересна Молдовија во геополитичките игри меѓу Запад и Русија.
Русија ја смета Молдавија за своја историска сфера на влијание и е секогаш загрижена од странска пенетрација на воено, политички и културен план. За Москва, таканаречените „обоени, шарени, портокалови револуции" кои ги доведоа прозападните влади на власт во Грузија (2003) и Украина (2004) се „инструменти на Западот да ги дистанцира тие земји од Русија". Обидите да се наметне романскиот јазик на почетокот во 90-те години создадоа жесток револт кај, особено етничките Руси - кои зборуваат руски. Со истата генерична мисла „заштита на етничките Руси", Кремаљ ги оправдува своите планови и интервенции во Грузија и Украина со што ја блокира интеграцијата земјите од бившиот источноевропски блок во западните структури. Русија на овие стратешко значајни територии во овие држави создава „замрзнати зони" кои сами не можат да опстанат, и со тоа го блокира приклучувањето на НАТО
И пред и после осамостојувањето на Молдавија во 1991, која има интересна геостратесшка позиција, економијата е тесно поврзана со Русија и рускиот пазар. Целиот гас што доаѓа во Молдавија е од Русија, додека земјоделските производи на Молдавија завршуваат во Русија каде илјадници Молдавци наоѓаат вработување. Истовремено земјата преку фондовите на Брисел добива пристап до европскиот пазар и претставува политичко безбедносен и економски bypass меѓу Истокот и со Западот. Земјата е позиционирана меѓу сферите на интерес и на ЕУ и на Евроазиската еконмска унија (ЕЕУ) балансирајќи меѓу интересите на двете организации. Земјата е набљудувач-членка на ЕЕУ, а воедно и потписник – членка на Договорот за асоцијација со ЕУ.

## 3. РУСКОТО ВЛИЈАНИЕ ВО ГРУЗИЈА

Во сфера на влијание на Москва е и Грузија, која беше нападната од страна на Соединетите Држави во август 2008 година после што требаше да следи повелкување на руските труи од окупираните грузиски територии. Грузиската војска се обиде да ја поврати Јужна Осетија која водеше сепаратистичка војна против Грузија во 1990-те, но со испраќањето на руските трупи, грузиската армија беше потисната од Јужна Осетија и Абхазија. Тоа доведе до раселување на околу 200.000 луѓе, а Москва ги призна двете територии како „независни" држави. Русија ја призна таканаречената независност на руските воени сили кои и до ден денес остануваат во тие грузиски региони.
После нападот на Русија на Украина, грузиските власти кои постојано се справуваат со сајбер напади и дезинформации, беа повикани да го искористат моментот на геополитичката реалност, но грузискиот претседател одби да ги воведе санкциите кои беа наметнати од Запад кон Русија. Грузиската опозиција е во постојано конфронтирање со државните власти поради проруската ориентираност додека главните стратешки цели на Москва се да ги запре напорите на оваа кавкаската земја да се интегрира во НАТО и да го зајакне сојузот со САД. Иако Американците планираат да воспостават систем за поддршка на опозицијата, земјата постојано се соочува со директни воени дејствија, тајни субверзивни и операции организирани од страна на Кремаљ.
Близината на Грузија со Каспиското море, кое е лоцирано меѓу Русија, Азербејџан, Иран, Туркмениста и Казахстан, е епицентарот на судирот на руските, кинеските и западните интереси како и на регионалните, националните и финансиски прашања каде се дизерифираат рутите за нафтоводи со државните интереси и интересите на инвеститорите за послилна економско-политичка и воена моќ на глобален план. Овде се испреплетуваат бројни интереси и токму поради тоа од огромно значење е геостратешката поставеност на овие држави чија нестабилност го дестабилизира и руското влијание во просторот на поранешниот Советски Сојуз. Истовремено огромен е интерсот за рутите што минуваат на овие простори и за Кина. Меѓународното пристаниште во Баку има капацитет за претовар од 10 милиони тони товар годишно додека меѓународната железничката пруга Баку-Тбилиси-Карс која ги поврзува Азербејџан, Грузија и Турција има потенцијал за транспорт на 6,5 милиони тони товар во почетната фаза и повеќе од 15 милиони тони во понатамошните фази. Овие меѓународни коридори обезбедени од Азербејџан овозможуваат 15-дневна заштеда на транспортот од Кина до Европа и станува сѐ поважно особено откако Кина најави отворање на новата рута.

## 4. БУГАРИЈА И РАЗУЗНАВАЧКИТЕ СТРУКТУРИ

Искуствата кажуваат дека и покрај тоа што соседна Бугарија која беше најлојалниот сателит држава на бившиот Советски Сојуз, а сега членка на ЕУ и по 30 години од падот на комунизмот, моќта на службата за државна безбедност „ДС – Државна безбедност" и натаму е моќна и влијателна при што поранешните вработени во неа се на врвни политичко елитни и влијателни позиции во власта и бизнисот. Независно од

тоа дека Владата ги отвори архивите на државната безбедност кога пред 15 години стана членка не ЕУ, многу малку работи се променети од времето на владеењето на комунизмот, а мрежата на поранешните агенти на КГБ и денес претставуаат проблем и се „регионална продолжема рака на КГБ и комунистичкиот режим. Во бугарскиот парламент се дебатира на оваа тема и постојано ја тресат бројни афери во врска со мрежата на поранешни тајни агенти, а кои и денес се вклучени активно во политчко-економскиот естаблишмент на државата и претставуваат своевиден проблем. Особено што истите тие стари кадри уште имаат голема моќ и служат на руските стратешки интереси на Балканот и во моментов се маша во конфликтот на Бугарија со со нашата држава.

## 5. РОМАНИЈА И БЕЗБЕДНОСНАТА ЕЛИТА

Триесет години по крвавиот бунт, што ја собори комунистичката диктатура на Николае Чаушеску и однесе 1.100 животи со што ја собори најтешката диктатура во Источна Европа и покрај имплементирање на ново политичко демократско уредување, членството во ЕУ во 2007 и бојните избори во периодот на транзицијата до денес, со државата сеуште владеат членови на семејства кои биле дел на тајната полиција – Секуритате. Оваа безбедносна елита во Романија ги нема отсечено своите корени од поранешните безбедносни служби и ги штити богатставата на семејствата, така што наследниците на Секуритатите се втемелени и вмрежени во девет безбедносни служби и зад сцената манипулираат со политиката, ги нарушуваат демократизацијата на државата и владеењето на правото, што се одразува преку огромната корупција, недостатокот на лустрација, политчката нестабилност. Главната безбедносна романска агенција или „длабока држава“ работи со буџет поголем од на германската федерална домашна безбедносна разузнавачка агенција Verfassungsschutz со преку 12.000 вработени. Нивното влијание е сеуште огромно, а реформската влада која ја презеде власта во 2017 е во континуитет опструирана. Според германската фондација Бертелсман за трансформација на земјите во демократија во извештајот од 2020 година разузнавачките служби вршат одреден степен на влијание врз сите институции.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Во Молдавија рускиот интерес е се уште актуелен и силен и се одликува преку стационирање на руски сили во бројност од 1.600 лица. Голем број на руски и молдавски организации, бизнисмени и олигарси се смета дека ги креираат, координираат и тајно ги организираат политичките немири во Молдавија кои се поддржани од Москва, а и молдавската опозициска партија ги користи плановите и методите на игра на руските разузнавачки служби.
Во делот од окупираните територии во Грузија, Русија се уште има соодветно влијание и е присутна со испраќање на трупи. Постојано се соочуваат со сајбер напади и дезинформации повторно креирани од руските служби, сето тоа поради проруската ориентираност на одредени структури во државата.
Бо Бугарија руските безбедносни служби и се третираат како регионална гранка на КГБ и комунистичката власт, актуелсни се се уште проруски безбедносни структури што говори дека Русија е присутна на одреден начин. Со Романија се уште владеат членови на семејствотва поврзани со владеењето на починатиот романскиот диктатор Чаушеску кои биле дел од полицијата Секуритате чии наследници ја поддржуваат корупцијата, недостатокот на лустрација, поттикнуваат политичка нестабилност. Влијанието е се уште огромно, што е потврдено во извештајот од 2020 година на страна на Германија. Од горе наведеното, видно е дека Русија со нејзините структури е се уште присутна во сите земји на црноморскиот регион и се фактор за дестабилизаија на регионот. Што ќе се случи не се знае, но со ваква политичка поставеност, Русија се уште има влијание во сите овие земји, а интересот на Запад е тоа да го сведе на минимум. Тие се потенцијални нови жаришта на дестабилизација кои Русија може да ги искористи и фронтот да го проишири не само во Украина, туку и пошироко во црноморскиот регион.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Bloomberg News, (Feb 23, 2023). Russian Support for Putin’s War in Ukraine is Hardening, https://www.bloomberg.com/news/articles/2023-02-23/ukraine-latest-russia-support-for-war-hardens-as-putin-cracks-down?cmpid=BBD022323_politics&utm_medium=email&utm_source=newsletter&utm_term=230223&utm_campaign=bop#xj4y7vzkg
Corera, G. (2022). Putin threats: How many nuclear weapons does Russia have? BBC (https://www.bbc.com/news/world-europe-60564123)

Faulconbridge, G. (2022). Puin is open to talks and diplomacy on Ukraine, Kremlin says, Reuters (https://www.reuters.com/world/kremlin-says-putin-open-talks-us-stance-ukraine-makes-it-difficult-2022-12-02/)

Hockenos, P. (Feb 3, 2021). Long Shadow: How Romania’s Securitate Turned the Revolution into Riche, BalkanInsight (https://balkaninsight.com/2021/02/03/long-shadow-how-romanias-securitate-turned-the-revolution-into-riches/

Khrushchev, N. (Oct 27,1962). Letter from Chairman Khrushchev to President Kennedy. The World on the Brink: John F. Kennedy and the Cuban Missile Crisis, Kennedy Presidential Library and Museum (https://microsites.jfklibrary.org/cmc/oct27/doc4.html)

Leonard, J.,Wingrove, J., & Fabian, J. (Feb 22, 2023). Biden Doesn’t See Putin Using Nukes Despite Halting Arms Treaty, Bloomberg, Politics (https://www.bloomberg.com/news/articles/2023-02-22/biden-says-putin-made-big-mistake-in-suspending-nuclear-treaty?cmpid=BBD022323_politics&utm_medium=email&utm_source=newsletter&utm_term=230223&utm_campaign=bop#xj4y7vzkg

Nehring, C. (April 2022). Files, Agents, “Deep State and Russian Influence: Legacy of the Communist State Security Service in Bulgaria, International Journal of Intelligence and Counterintelligence/35(2), p. 318-338 (https://journals.scholarsportal.info/details/08850607/v35i0002/318_fasaricsssib.xml)

Press Release, (Nov 30, 2022). Global Democracy Weakens in 2022, International Institute for Democracy and Electoral Assistance (IDEA), Stockholm (https://www.idea.int/news-media/news/global-democracy-weakens-2022)

Soldatov, A., & Borogan, I. (March 6, 2023). Russia’s Halfway to Hell Strategy, Foreign Affairs (file:///C:/Users/Ana.C/Downloads/Russia%E2%80%99s%20Halfway%20to%20Hell%20Strategy_%20Why%20Putin%20Has%20Not%20Yet%20Launched%20a%20Total%20War%20in%20Ukraine%20(1).html)

Zoceva, A. (27 Nov, 2021). Czech Republic at the mercy of Chinese and Russian secret services, EUROACTIV (https://www.euractiv.com/section/politics/news/czech-republic-at-the-mercy-of-chinese-and-russian-secret-services/)